РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
УПП Број: / Numer: 03-25
22.10.2026 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

До: Трговско радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје

За:

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје

Предмет: Известување за пристигната претставка

Почитувани,

Во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги беше поднесена уште една претставка од гледач (наш број УПП 03-25 од 13.10.2026 г.), којшто реагира на нахсинхронизацијата со помош на вештачка интелигенција на турската серија „Бурни времиња“. Во претставката, подносителот реагира и за техничкиот квалитет на емитувањето на серијата „Бурни времиња“, за недоследната употреба на македонскиот литературен јазик, и за правата од интелектуална сопственост. Забележува и за честото репризирање на сериите што се емитуваат на Вашата програма.

Агенцијата одговори на претставката, и го информираше подносителот дека употребата на вештачката интелигенција во програмите на радиодифузерите се уште не е правно регулирана во домашното законодавство, но дека Телевизија Алфа, при емитувањето на серијата „Бурни времиња“, на крајот од секоја епизода, текстуално наведува дека карактерите во серијата се процесирани со помош на вештачка интелигенција, што е обврска согласно Актот за вештачка интелигенција на ЕУ, којшто е облигаторен за земјите членки на унијата, но и за земјите аспиранти за членство, кои треба своето законодавство постепено да го хармонизираат со европското право.

Во поглед на забелешките дека емитувате повеќекратни репризи на сериите што се дел од Вашата програмска понуда, Агенцијата го информираше подносителот дека радиодифузерите се целосно самостојни, независни и одговорни при создавањето на програмите и креирањето на уредувачката политика.

За другите аспекти од претставката, коишто се однесуваат на употребата на македонскиот литературен јазик и правата од интелектулна сопственост / заштита на личните податоци, Агенцијата го информираше подносителот дека со тие прашања, акцентирани и во претходните претставки од други гледачи, се веќе запознаени

соодветните институции надлежни да постапуваат по нив, Министерството за култура на Република Северна Македонија и Агенцијата за заштита на личните податоци.

Деталите од претставката и нашите одговори може да ги видите на веб страницата на Агенцијата avmu.mk.

Срдечен поздрав,

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Директор

д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ